**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр.02-529/2
29.06.2020 година, Скопје

Врз основа на член 21 став (1) алинеја 21 и член 81 став (1) алинеја 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, а во врска со **член 129 став (3)** од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр.43/12, 145/12, 87/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 27/19, 180/19), Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата вонредна седница одржана преку електронска пошта согласно чл.33 од Деловникот за работа на Собрание, на 27.06.2020 година донесе:

# О Д Л У К А

## за усвојување на предлог-измени

## на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

### Член 1

Во Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата *(Службен весник бр.62/17 од 29.05.2017 година)*, во член 8, пред насловот се додава бројот „1.''

### Член 2

Во член 8 став 2, во точката 1 зборот „конгресниот одбор'' се менува со зборовите „научнист одбор на конгресот''.

Ставот 3 се менува и гласи:

„(3) Организаторот на конгресот е должен да го најави конгресот најмалку девет месеци пред одржување на истиот со листата на поканети предавачи, додека податоците за научниот одбор да ги достави шест месеци пред одржување, а програмата на конгресот со исполнети услови од точка 5 и 6 на овој член да ја достави два месеци пред одржување на конгресот.''

**Член 3**

Во член 10 став 1, во точката 1 зборот „конгресниот одбор'' се менува со зборовите „научниот одбор на конгресот''.

**Член 4**

Во член 11 став 1, во точката 1 зборот „Конгресниот одбор'' се менува со зборовите „научниот одбор на конгресот''.

Во точката 1 зборовите „е составен од'' се менуваат со зборот „се''.

**Член 5**

Во член 13 став 2, точката 1 се менува и гласи:
„ 1. работно претседателство од најмалку 3 (три) члена, кои се најмалку специјалисти од областа;''.

**Член 6**

Во член 14 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Критериуми за распоредување на обликот на континуирано стручно усовршување стручна конференција се:

1. најмалку 8 предавачи од определена гранка на стоматолошки или медицински науки, кои ќе ги презентираат своите предавања во два дена;
2. траење на секое од предавањата најмалку 30 минути и време за дискусија од најмалку 15 минути;
3. превод најмалку на англиски јазик, во случај кога стручната конференција има меѓународен карактер и е со странски учесници, и
4. издавање работен материјал со приклучени дискусии и заклучоци од конференцијата, при што организаторот на конференцијата е должен заклучокот на конференцијата да го достави до стручното списание на Комората Vox Dentarii Вокс каде истиот ќе се објави во првиот нареден број по доставувањето;
5. бројот на пасивни учесници е ограничен на 300 учесници.''

**Член 7**

Во член 16 став 1, зборот „на'' по зборот „експерти'' се брише.

Во став 4 точка 1), знакот запирка се менува со знакот точка-запирка и се додава нова точка 2), која гласи:

„2) Поканетиот предавач треба да ги исполнува следниве критериуми:

- доктор на стоматолошки или медицински науки или
- доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавено стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија (на пр.Scopus, KoBSON, Mediline, PubMed, WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик;''

Во став 4 точка 1) алинеја 3, зборот „магистар'' се заменува со зборот „магистер''.

Во став 4 точка 1) алинеја 5, зборовите „доктор на науки'' се бришат.

Во став 4, во точката 1) сврзникот „а'' се брише, а зборовите по зборот „странство'', стануваат нова точка 3), која гласи:

„3) Како петти предавач на симпозиумот може да биде поканет:

- специјалист по одредена област од стоматологија со најмалку пет години работно искуство во одредена специјалистичка област и активно учество на најмалку три меѓународни конгреси или домашни конгреси со меѓународно учество, во последните пет години,
- акредитиран предавач;
- магистер по стоматолошки науки;
- примариус;''

Во став 4, точката 2) станува точка 4).

Во став 4, точката 3) станува точка 5).

Во став 5, точката 2) се менува и гласи:

„2) Поканетиот предавач треба да ги исполнува следниве критериуми:

-доктор на стоматолошки или медицински науки или
-доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавено стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија (на пр. Scopus, KoBSON, Mediline, PubMed, WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик;''.

Во став 5, точката 2) станува точка 3).

Во став 5, точката 3) станува точка 4).

Во став 5, точката 4) станува точка 5).

Во став 5, во точката 4) алинеја 3, зборот „магистар'' се менува со зборот „магистер''.

Во став 5, во точката 4) алинеја 5, зборовите „доктор на науки'' се бришат.

Во став 5, точката 5) станува точка 6).

По точката 6) се додава нова точка 7) која гласи:

„7) го организираат минимум две (2) друштва/здруженија/факултети од минимум две (2) држави.''

**Член 8**

Во член 17 став 2, во точката 3 знакот точка се брише, а се додава сврзникот „и''.

По точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4. времетраењето на стручниот состанок е најмалку 3 (три) часа предавања.''

**Член 9**

Во член 20 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Спроведувачите на стручни настани имаат право да организираат: стручно здружение - два облика на стручна едукација, стручните стоматолошки друштва - најмногу два облика, а акредитираните високообразовни институции (стоматолошките факултети) еден облик на континуирано стручно усовршување, при што облиците на теоретско практичната едукација од член 7, точка 3, односно член 18 и член 19 од Правилникот не влегуваат во погоренаведените ограничувања по однос на дозволен број на облици.''

**Член 10**

Во член 21 став 1, точката 10 во табелата се брише.

Во став 4, алинеја 12 во табелата се менува и гласи:

„Електронска (он-лајн) некомерцијална едукација, со најмалку 3 презентации и максимално еднаш годишно, со задолжително доставување на доказ (идентификација) за учество.

| | |
|---|---|
| домашна | 4/2 бода |
| меѓународна (со најмалку 2 презентера од странство) | 6/4 бода''. |

Во став 4, текстотот под табелата се менува и гласи:

„Облиците на континуирана стручна едукција организирана од официјални светски, европски и регионални друштва/здруженија (најмалку пет држави од регионот) или во организација на земји-членки на ОЕЦД, организирани во странство и облици од земји со чии официјални комори/асоцијации СКМ има партнерски договори акредитирани од истите, се бодираат со 100 проценти од бодовите што ги носи соодветниот домашен облик.''

**Член 11**

Во член 22 по став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„(7) Докторот на стоматологија треба секоја година да обезбеди најмалку 8 бода од различни облици на КСУ кои се организирани од спроведувачи на КСУ кои се акредитирани од Стоматолошката комора на Македонија.''

**Член 12**

Во член 27 став 4, зборовите по зборот „регистрација'' се бришат.

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„(6) Спроведувачите на облици на КСУ, со предходно одобрение на Комисијата за стручни стоматолошки прашања, може да одржуваат облик на континуирано спроведување на стручно усовршување наведен во член 7, точка 1 и 2 и преку видео-конференциска (он-лајн) врска и со вреднување согласно табелата од член 21, став (4).

Комисијата за стручни стоматолошки прашања ги определува потребните технички услови кои треба да ги исполнат спроведувачите на облици на КСУ за одржување на облици преку видео-конференциска (он-лајн) врска.''

**Член 13**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
д-р Оливер Манасиев

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр.02-529/3
29.06.2020 година, Скопје

Врз основа на член 129 став (3) од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр.43/12, 145/12, 87/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 27/19, 180/19), член 21 став (1) алинеја 21 и член 81 став (1) алинеја 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата вонредна седница, согласно чл.33 од Деловникот за работа на Собрание, на 27.06.2020 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата**

## Член 1

Во Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата *(Службен весник бр.62/17 од 29.05.2017 година)*, во член 8, пред насловот се додава бројот „1.''

## Член 2

Во член 8 став 2, во точката 1 зборот „конгресниот одбор'' се менува со зборовите „научниот одбор на конгресот''.

Ставот 3 се менува и гласи:

„(3) Организаторот на конгресот е должен да го најави конгресот најмалку девет месеци пред одржување на истиот со листата на поканети предавачи, додека податоците за научниот одбор да ги достави шест месеци пред одржување, а програмата на конгресот со исполнети услови од точка 5 и 6 на овој член да ја достави два месеци пред одржување на конгресот.''

**Член 3**

Во член 10 став 1, во точката 1 зборот „конгресниот одбор'' се менува со зборовите „научниот одбор на конгресот''.

**Член 4**

Во член 11 став 1, во точката 1 зборот „Конгресниот одбор'' се менува со зборовите „научниот одбор на конгресот''.

Во точката 1 зборовите „е составен од'' се менуваат со зборот „се''.

**Член 5**

Во член 13 став 2, точката 1 се менува и гласи:
„ 1. работно претседателство од најмалку 3 (три) члена, кои се најмалку специјалисти од областа;''.

**Член 6**

Во член 14 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Критериуми за распоредување на обликот на континуирано стручно усовршување стручна конференција се:

1. најмалку 8 предавачи од определена гранка на стоматолошки или медицински науки, кои ќе ги презентираат своите предавања во два дена;
2. траење на секое од предавањата најмалку 30 минути и време за дискусија од најмалку 15 минути;
3. превод најмалку на англиски јазик, во случај кога стручната конференција има меѓународен карактер и е со странски учесници, и
4. издавање работен материјал со приклучени дискусии и заклучоци од конференцијата, при што организаторот на конференцијата е должен заклучокот на конференцијата да го достави до стручното списание на Комората Vox Dentarii Вокс каде истиот ќе се објави во првиот нареден број по доставувањето;
5. бројот на пасивни учесници е ограничен на 300 учесници.''

**Член 7**

Во член 16 став 1, зборот „на'' по зборот „експерти'' се брише.

Во став 4 точка 1), знакот запирка се менува со знакот точка-запирка и се додава нова точка 2), која гласи:

„2) Поканетиот предавач треба да ги исполнува следниве критериуми:

- доктор на стоматолошки или медицински науки или
- доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавено стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија (на пр.Scopus, KoBSON, Mediline, PubMed, WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик;''

Во став 4 точка 1) алинеја 3, зборот „магистар'' се заменува со зборот „магистер''.

Во став 4 точка 1) алинеја 5, зборовите „доктор на науки'' се бришат.

Во став 4, во точката 1) сврзникот „а'' се брише, а зборовите по зборот „странство'', стануваат нова точка 3), која гласи:

„3) Како петти предавач на симпозиумот може да биде поканет:

- специјалист по одредена област од стоматологија со најмалку пет години работно искуство во одредена специјалистичка област и активно учество на најмалку три меѓународни конгреси или домашни конгреси со меѓународно учество, во последните пет години,
- акредитиран предавач;
- магистер по стоматолошки науки;
- примариус;''

Во став 4, точката 2) станува точка 4).

Во став 4, точката 3) станува точка 5).

Во став 5, точката 2) се менува и гласи:

„2) Поканетиот предавач треба да ги исполнува следниве критериуми:

-доктор на стоматолошки или медицински науки или
-доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавено стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија (на пр. Scopus, KoBSON, Mediline, PubMed, WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик;''.

Во став 5, точката 2) станува точка 3).

Во став 5, точката 3) станува точка 4).

Во став 5, точката 4) станува точка 5).

Во став 5, во точката 4) алинеја 3, зборот „магистар'' се менува со зборот „магистер''.

Во став 5, во точката 4) алинеја 5, зборовите „доктор на науки'' се бришат.

Во став 5, точката 5) станува точка 6).

По точката 6) се додава нова точка 7) која гласи:

„7) го организираат минимум две (2) друштва/здруженија/факултети од минимум две (2) држави.''

**Член 8**

Во член 17 став 2, во точката 3 знакот точка се брише, а се додава сврзникот „и''.

По точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4. времетраењето на стручниот состанок е најмалку 3 (три) часа предавања.''

**Член 9**

Во член 20 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Спроведувачите на стручни настани имаат право да организираат: стручно здружение - два облика на стручна едукација, стручните стоматолошки друштва - најмногу два облика, а акредитираните високообразовни институции (стоматолошките факултети) еден облик на континуирано стручно усовршување, при што облиците на теоретско практичната едукација од член 7, точка 3, односно член 18 и член 19 од Правилникот не влегуваат во погоренаведените ограничувања по однос на дозволен број на облици.''

**Член 10**

Во член 21 став 1, точката 10 во табелата се брише.

Во став 4, алинеја 12 во табелата се менува и гласи:

„Електронска (он-лајн) некомерцијална едукација, со најмалку 3 презентации и максимално еднаш годишно, со задолжително доставување на доказ (идентификација) за учество.

| | |
|---|---|
| домашна | 4/2 бода |
| меѓународна (со најмалку 2 презентера од странство) | 6/4 бода''. |

Во став 4, текстотот под табелата се менува и гласи:

„Облиците на континуирана стручна едукција организирана од официјални светски, европски и регионални друштва/здруженија (најмалку пет држави од регионот) или во организација на земји-членки на ОЕЦД, организирани во странство и облици од земји со чии официјални комори/асоцијации СКМ има партнерски договори акредитирани од истите, се бодираат со 100 проценти од бодовите што ги носи соодветниот домашен облик.''

**Член 11**

Во член 22 по став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„(7) Докторот на стоматологија треба секоја година да обезбеди најмалку 8 бода од различни облици на КСУ кои се организирани од спроведувачи на КСУ кои се акредитирани од Стоматолошката комора на Македонија.''

**Член 12**

Во член 27 став 4, зборовите по зборот „регистрација'' се бришат.

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„(6) Спроведувачите на облици на КСУ, со предходно одобрение на Комисијата за стручни стоматолошки прашања, може да одржуваат облик на континуирано спроведување на стручно усовршување наведен во член 7, точка 1 и 2 и преку видео- конференциска (он-лајн) врска и со вреднување согласно табелата од член 21, став (4).

Комисијата за стручни стоматолошки прашања ги определува потребните технички услови кои треба да ги исполнат спроведувачите на облици на КСУ за одржување на облици преку видео-конференциска (он-лајн) врска.''

**Член 13**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
д-р Оливер Манасиев

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр.02-529/4
29.06.2020 година, Скопје

Врз основа на член 21 став (1) алинеја 21 и член 81 став (1) алинеја 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, а во врска со **член 129 став (3)** од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр.43/12, 145/12, 87/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 27/19, 180/19), Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата вонредна седница одржана преку електронска пошта согласно чл.33 од Деловникот за работа на Собрание, на **27.06.2020 година** донесе:

# ОДЛУКА

## за усвојување на пречистениот текст

## на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

### Член 1

Се усвојува предложениот текст на пречистениот текст на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

### Член 2

Измените во Правилникот се согласно Одлуката бр.17-480/3 од 21.05.2020 година на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Стоматолошката комора на Македонија, како и од доставените забелешки од страна на акредитирани организатори

(СДА, МСД и ДДДММ) како овластени спроведувачи на облиците на континуирано стручно усовршување и Одлуката бр. 02-529/2 од 27.06.2020 година за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата *(Службен весник бр.62/17 од 29.05.2017 година)*.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
д-р Оливер Манасиев

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ